Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-735/2
30-10-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–735/1 од 12.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Свети Николе, со адреса на живеење на [redacted] во Свети Николе, за извршена дискриминација врз друга основа – распоред и смени на првачиња во областа на образованието, науката и спортот, од страна на Општинското Основно Училиште "Кирил и Методиј" во Свети Николе преку [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 24.10.2023 годините, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08–735/1 од 12.10.2023 година, поднесена од лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Свети Николе, ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.

## О б р а з л о ж е н и е

На 12.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на ул. [redacted] во Свети Николе,, против Општинското Основно Училиште "Кирил и Методиј" во Свети Николе претставувано од [redacted]

Подносителката во претставката наведува дека од четири паралелки во прво одделение во основното училиште кои бројот по околу 20 20 деца, под изговор дека директорката дека селедат целодневна настава , одат само прва смена, а вторите две паралелки одат само втора смена од 12.30 до 16.30 часот. Изговор на директорката, според подносителката на претставката е дека во училиштето нема просторија каде би се сместиле и паралелките I3 и I4 во правата смена на исти кат со децата од иста генерација, па тие мораат да го делат ходникот со поголеми деца за што веќе еден родител има пријавено дека неговото дете е вознемирувано од поголемо дете од четврто одделение. Директорката понудила подрумска просторија со недоволно осветлување, како решение за проблемот, доколку родителите инсистирале на тоа сите деца да псоетуваат настава во прва смена, додека пак подносителката имала информација дека може да се најдат и посоодветни простории во училиштето.

Напоменува дека од неразбирливи причини децата кои учат во двете паралелки кои посетуваат настава само во прва смена се ценети како елитни деца и ја имаат привилегијата да посетуваат настава во делот од денот кој според подносителката е најсоодветен за таа возраст за усвојување на наставната програма. Одделенскиот наставник на I4 дал мислење дека е тешко да ги координира децата во паралелката затоа што попладне веќе имаат намалена концентрација и имаат потешкотија од тој аспект да ја поминуваат наставната програма.

По разгледување на наводите во претставката Комисијата утврди дека предметот на претставката не спаѓа во законските надлежности за постапување на Комисијата утврдени со член 21 став (!) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Ова од причина што опишаниот настан не може да се смета за дискриминација како што е дефинирана во член 6 од наведениот закон поради тоа што сите деца запишани во прво одделение во наведеното училиште, го остваруваат правото на еднаков пристап до образование, без оглед на тоа во која паралелка учат.

За проблемот со просторните услови и капацитети на училиштето, начинот на организацијата на работата на вработените во училиштето, како и потребата од изнаоѓање на соодветно решение за постојните проблеми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација упатува подносителката на претставката да се обрати до институциите и органите кои се надлежни за решавање на овие проблеми, и тоа Општина Свети Николе, Државниот просветен инспекторат и Министерство за образование.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Известител, член на КСЗД, Лимко Бејзароски

Скопје
30.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД